ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 16/24



30.09.2024 година

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) КРИМИНОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ДЕТЕКТИВИ И КРИМИНАЛИСТИКА ПРИ ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СКОПЈЕ

Врз основа на Одлука за распишување Конкурс бр.03-1202/1, донесена на 245-та седница од 18.09.2024 година, распишан е конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања на Факултет за детективи и криминалистика, објавен во Весникот „Вечер" од 19.09.2024 година, и формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Александар Нацев, претседател на рецензентска коммисија, вон.проф. на Факултет за детективи и криминалистика при Европски Универзитет Скопје, д-р Никола Дујовски, редовен професор на Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Св.Климент Охридски" – Битола и д-р Билјана Богданова Смилевска, член, доцент на Факултет за детективи и криминалистика при Европски Универзитет Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Деканот на Факултетот за детективи и криминалистика, врз основа на Одлука за распишување Конкурс бр.03-1202/1, донесена на 245-та седница од 18.09.2024 година, распиша конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања, за наставно-научната област: „Криминологија" (51603-Фраскатиева класификација) на Факултет за детективи и криминалистика, објавен во Весникот „Вечер" од 19.09.2024 година.

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област (дисциплина) криминологија, во предвидениот рок се пријави доцент д-р Стојан Трошански.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Стојан Трошански е роден на 26.04.1991, во Берово, Р.Македонија. Средно образование завршил во Скопје на Општа гимназија - СУГС „Раде Јовчевски – Корчагин" – Скопје. Високото образование го продолжил на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, каде што се стекнал со диплома – дипломиран правник во 2012 година. Со прв циклус високо образование се стекнал и на Факултет за Правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Државин", во 2022 година. Дипломирал на 06.07.2022 година, со просечен успех 8.50. Со успешна одбрана на дипломската работа на тема „Еволуција во развојот на човечките ресурси", кандидатот се стекнал со академски/стручен назив: дипломиран правник, - меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија.

Во учебната 2013/2014 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Правен факултет „Јустинијан Први". Студиите ги завршил на 09.04.2014 година, со просечен успех 9.45. На 09.04.2014 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Дипломатијата на балканските држави во однос на Република Македонија од Букурешт 1913 до Букурешт 2008 година."

Докторска дисертација пријавил на 2018 година на Факултет за безбедност при Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола. Дисертацијата на тема: Зголемување на урбаната безбедност со примена на методот за криминална превенција преку дизајн на околината (CPTED) ја одбранил на 26.09.2018 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Томе Батковски, проф. д-р Марина Малиш

– Саздовска, проф. д-р Весна Стефановска, проф. д-р Миодраг Лабовиќ и проф. д-р Зоран Сулејманов. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област безбедност.

Д-р Стојан Трошански работел во адвокатска канцеларија во периодот од 01.06.2013 до 01.07.2020 година, во времетраење од седум години и еден месец.

Со одлука бр. 13-362/4 од 18.11.2022 година на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин", д-р Стојан Трошански е избран во наставно-научно звање насловен доцент од наставно – научното подрачје општествени науки (5), поле правни науки (508), област криминологија (51603) на Факултетот за правни науки.

Во период од ден 17.01.2023 до денес, работи како доцент на Факултетот за Правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин", Свети Николе – Битола.

Кандидатот има познавања од англиски, српски и хрватски јазик. Поседува компјутерски вештини, познавање и работа со Windows платформата, Microsoft Office пакетот: Word, Excel, PowerPoint, и Интернет.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Научно-истражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

Доцент д-р Стојан Трошански е автор на книгата „ТЕСЛОЛОГИЈА – ПОТРАГА ЗА НАУЧНАТА ОСТАВИНА НА НИКОЛА ТЕСЛА", објавена во мај 2019 година, во која за прв пат опфаќа широка научна литература од полето на Теслината технологија. Тој веќе скоро една деценија континуирано ја истражува Теслината технологија од безбедносен аспект. Во книгата тој користи трансдисциплинарен пристап во истражувањето и прв пат го воведува терминот „теслологија" (на англиски: teslalogy), ги аргументира поставените факти за научни цели и општествен интерес.

Доцент д-р Стојан Трошански е автор и на книгата „Менаџмент на човечки ресурси и четвртата индустриска револуција – Новата аналогно-дигитална ера" (2023), авторот го анализира прашањето на човечките ресурси (потенцијали) и нивното место во новата ера на дигитализацијата – теслинската ера. Оваа книга е наменета за студентите чиј предмет на изучување е менаџментот на управувањето со човечки ресурси (потенцијали) и за сите вработени во организациите, почнувајќи од најниските, па сѐ до највисоките нивоа на управување. Овде се обработува прашањето за еволуцијата на терминот „човечки ресурси" во терминот „човечки потенцијали" и за прв пат е содржана новата дефиниција на 21 век за поимот „менаџмент на управување со човечки потенцијали". Освен тоа, тој е автор и на книгата „„ЛЕДЕНОТО ЈАДРО – Влијанието на Сонцето врз глобалните климатски циклуси" (2023), преку нестандарден пристап, го анализира актуелниот проблем со климатските промени, глобалното затоплување и политиката на т.н. јаглероден отпечаток.

Кандидатот д-р Стојан Трошански редовно објавува и научни колумни за повеќе интернет весници.

Согласно доставената документација, кандидатот активно се занимава со научна дејност, што може да се види во објавените трудови на меѓународни научни конференции.

Д-р Стојан Трошански има објавено вкупно 20 научни трудови од областа на правните и безбедносните науки, во меѓународни научни списанија, трудови во меѓународни научни публикации и трудови во зборници од научни собири.

**Трудови од зборници и научни конференции:**

**АВТОР:**

1. „РОБОТ АДВОКАТ НА ИДНИНАТА – КАКО МОЖЕ ВЕШТАЧКАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ДА ГО ПРОМЕНИ ПРАВНИОТ СИСТЕМ?", ШЕСТА МЕЃУНАРОДНА (ОНЛАЈН) НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „КОН ПОДОБРА ИДНИНА: МИР, ПРАВДА И СИЛНИ ИНСТИТУЦИИ", 20 октомври 2023 година, Битола, Република Северна Македонија
2. „НОВАТА ДЕФИНИЦИЈА НА 21-ВИ ВЕК ЗА ПОИМОТ МЕНАЏМЕНТ НА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ ПОТЕНЦИЈАЛИ (МУЧП)", Четиринаесетта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: ИСТОК-ЗАПАД", Претор, 09–10 Јуни 2023 година во организација на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин", Свети Николе – Битола
3. „ЕВОЛУЦИЈА ВО РАЗВОЈОТ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ" Меѓународно научно списание „БЕЗБЕДНОСТ", 7/22, 2022 година, во организација на Министерство за Внатрешни работи и Факултет за Безбедност – Скопје, Универзитет „Св.Климент Охридски" – Битола
4. –„„ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА" – Авторизирано предавање, Декември, 2022 година. Издавач: Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин", Свети Николе – Битола
5. „ТЕСЛОЛОГИЈА – НОВ ТРАНСДИСЦИПЛИНАРЕН ПРИСТАП КОН НАУЧНАТА ОСТАВИНА НА НИКОЛА ТЕСЛА – Безбедносни аспекти", Тринаесеттата меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: ИСТОК-ЗАПАД", во организација на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин", Свети Николе – Битола, 10-12 Јуни 2022 година
6. „УЛОГАТА НА НИКОЛА ТЕСЛА ВО СПРЕЧУВАЊЕТО НА ТРЕТАТА СВЕТСКА ВОЈНА - Објаснување на космолошките причини за војната преку активноста на Сонцето", Меѓународно научно списание „БЕЗБЕДНОСТ", 4/20, Декември 2020, во организација на Министерство за Внатрешни работи и Факултет за Безбедност – Скопје, Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола
7. „СФАЌАЊЕ НА ВОЈНАТА И ИДНИНАТА НА ВОЕНИТЕ ПРОЦЕСИ СПОРЕД НИКОЛА ТЕСЛА", Меѓународно научно списание „БЕЗБЕДНОСТ", 3/20, Декември 2020, во организација на Министерство за Внатрешни работи и Факултет за Безбедност – Скопје, Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола
8. „КОНЦЕПТОТ ТЕЛЕГЕОДИНАМИКА НА НИКОЛА ТЕСЛА - Морални и безбедносни аспекти", 10[та] Меѓународна научна конференција „Влијанието на големите сили врз безбедноста на малите држави", Охрид, 23-25 Јуни 2018 год. во организација на Факултет за Безбедност – Скопје, Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола
9. „Никола Тесла ТЕЛЕФОРС Машина за зраци на смртта", 9[та] Меѓународна научна конференција „Реформи на безбедносниот систем како предуслов за евро-атлантските интеграции", Охрид, 4-6 Јуни 2018 год. во организација на Факултет за Безбедност – Скопје, Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола
10. „ТУНГУСКИОТ ЕКСПЕРИМЕНТ – Безбедносни аспекти", Меѓународна научна конференција „Кон подобра иднина: Владеење на правото, демократија и полицентричен развој", 11-12 Мај 2018 год. во организација на Правен Факултет „Св.Климент Охридски" – Битола
11. „ЕТИКАТА ВО ПРИМЕНАТА НА НАУЧНИТЕ ДОСТИГНУВАЊА СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ТЕХНИКИТЕ ЗА МОДИФИКАЦИЈА НА КЛИМАТСКИТЕ УСЛОВИ КАКО ЗАКАНА ПО СВЕТСКАТА БЕЗБЕДНОСТ", „40 години високо образование од областа на безбедноста – теории и практики", Меѓународен Годишник на Факултетот за безбедност – Скопје 2017, Факултет за Безбедност – Скопје, Универзитет „Св.Климент Охридски" – Битола
12. „СВЕТИ КЛИМЕНТ И ОДНОСОТ КОН ДОБРОТО, ДОБРОТО ВЛАДЕЕЊЕ И ПРАВЕДНОТО ОПШТЕСТВО", Меѓународен Годишник на Факултетот за безбедност – Скопје 2016, Универзитет „Св.Климент Охридски" – Битола

13. „ПРИДОНЕСОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ПАТОТ КОН ЧЛЕНСТВОТО ВО НАТО-АЛИЈАНСАТА - Споредбена анализа на финансиските издатоци за одбраната во однос на државите-членки и државите-аспиранти за членство", 7ма Меѓународна научна конференција „Современите трендови на општествената контрола на криминалот" - Охрид, Република Македонија 30-31 Мај 2016 во организација на Факултет за Безбедност – Скопје, Универзитет „Св.Климент Охридски" – Битола
14. „ПРОГОНУВАЊЕТО КАКО ОПШТЕСТВЕНА ПОЈАВА ВО СВЕТОТ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА САЈБЕР-ПРОГОНУВАЊЕТО ВО СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ", 6та Меѓународна научна конференција – „Денови на Арчибалд Рајс", 10-11 Март 2016 во организација на Криминалистичко Полициска Академија, Белград
15. „ПРИМЕНА НА МЕТОДОТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КРИМИНАЛ ПРЕКУ ДИЗАЈН НА ОКОЛИНАТА (CPTED) НА УЛИЦА ПУШКИНОВА, ГРАД СКОПЈЕ", Меѓународен Годишник на Факултет за Безбедност - Скопје 2015, Универзитет „Св.Климент Охридски" – Битола

**КО-АВТОР:**

16. „ТЕХНИКИТЕ ЗА МОДИФИКАЦИЈА НА КЛИМАТСКИТЕ УСЛОВИ КАКО ЗАКАНА ЗА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА", МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА „БЕЗБЕДНОСНИ, ПОЛИТИЧКИ И ПРАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА МОДЕРНИОТ СВЕТ", 19-21 Октомври, 2018 Битола, ОРГАНИЗАТОР: Универзитет „Св.Климент Охридски" – Битола, Факултет за Безбедност – Скопје, Правен Факултет – Кичево, Генерален Организатор: HANNS SEIDEL STIFTUNG FOUNDATION
17. „ОПРЕМА ЗА ФОРЕНЗИЧКА АНАЛИЗА НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОДИТЕ", 9та Меѓународна научна конференција „Реформи на безбедносниот систем како предуслов за евро-атлантските интеграции", Охрид, 4-6 Јуни 2018 год. во организација на Факултет за Безбедност – Скопје, Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола
18. „ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ЕТИЧКИТЕ ВРЕДНОСТИ НА СВ.КЛИМЕНТ ВО ЕТИЧКИОТ КОДЕКС НА ДРЖАВНИТЕ ИНСПЕКТОРИ И ЕТИЧКОТО ОДНЕСУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ВО Р.МАКЕДОНИЈА И БЛИСКИТЕ ДРЖАВИ", Меѓународен Годишник на Факултетот за безбедност – Скопје 2016, Универзитет „Св.Климент Охридски" – Битола
19. „ФОРЕНЗИЧКИ АСПЕКТИ НА ЗАГАДУВАЊЕТО НА ВОДИТЕ ОД МАВРОВСКО ЕЗЕРО", 7ма Меѓународна научна конференција „Современите трендови на општествената контрола на криминалот" – Охрид, Република Македонија во 30-31 Мај 2016 во организација на Факултет за Безбедност – Скопје, Универзитет „Св.Климент Охридски" – Битола
20. „ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ПРЕКУ ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР КАКО МОДЕЛ ЗА ЕФИКАСНОСТ И КВАЛИТЕТ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР И ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ", Меѓународен Годишник на Факултет за Безбедност - Скопје 2015, Универзитет „Св.Климент Охридски" – Битола

**Колумни од научен карактер**

1.Никола Тесла, интерпланетарната комуникација и нуклеарната (атомска) илузија. Колумна за Интернет весник ВечерПресс. (2022)

2.Теслината кула "пренесена" на друга локација: Дали Хотелот Њујоркер е Варденклиф 2.0?! Колумна за Интернет весник ВечерПресс. (2022)

3.Добредојде Тесла Г(ге) – Теслина генерација на телекомуникациски системи. Колумна за Интернет весник ВечерПресс. (2021)

4.Контакт – Тесла слушал поздрави од друга планета. Колумна за Интернет весник ВечерПресс. (2021)

5.Балканот како магнетски монопол. Колумна за Интернет весник ВечерПресс. (2021)

6.Која е тајната на Алберт Ајнштајн за Теоријата на релативност? Колумна за Интернет весник ВечерПресс. (2020)

7.Според Тесла: Како космичките сили ги обликуваат нашите судбини... Колумна за Интернет весник ВечерПресс. (2020)

8.Весникот Вечер ексклузивно пренесува: Шокантно сведоштво за Никола Тесла. Колумна за Интернет весник ВечерПресс. (2020)

9.Никола Тесла ја побил познатата теорија на Алберт Ајнштајн и Милева Мариќ. Колумна за Интернет портал МКД.МК. (2018)

10.Тесла - првиот ХААРП е проектот Варденклиф. Колумна за Интернет портал МКД.МК. (2018)

11.Тесла во 1899 го извел првиот експеримент за модификација на климатските услови. Колумна за Интернет портал МКД.МК. (2018)

12.Најопасното оружје е произведено во 1934 година - од Тесла. Колумна за Интернет Портал МКД.МК. (2018)

13.Никола Тесла ја предизвикал големата сибирска експлозија, Колумна за Интернет портал МКД.МК. (2018)

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Со Одлука заведена со бр.13-463/5 донесена на 16.01.2023 година од Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки при Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин" Свети Николе, д-р Стојан Трошански е избран во наставно-научно звање ДОЦЕНТ од наставно – научното подрачје општествени науки (5), поле безбедност (516), област криминологија (51603) на Факултетот за правни науки.

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на доц. д-р Стојан Трошански, рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на доцент д-р Стојан Трошански.

Како рецензентска комисија, предлагаме Наставно-научниот совет да го прифати овој реферат за потврда на избор во доцент на д-р Стојан Трошански во наставно – научното подрачје општествени науки (5), поле безбедност (516), област криминологија (5090204), а согласно член 173 став 2 од Законот за високото образование изборот треба да го потврди Сенатот на Универзитетот. Доколку се потврди Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Рецензентска комисија:

1. **д-р Александар Нацев**, претседател на рецензентска комисија, вон.проф. на Факултет за детективи и криминалистика – Европски Универзитет Скопје,

   ______________________________

2. **д-р Никола Дујовски**, редовен професор на Факултет за безбедност – Скопје, Универзитет „Св.Климент Охридски" – Битола,

   ______________________________

3. **д-р Билјана Богданова Смилевска**, член – доцент на Факултет за детективи и криминалистика – Европски Универзитет Скопје

   ______________________________